# Стручно усовршување

## istanbul üniversitesi t□p fakültesi
## (Оддел за кожни и венерични болести)


İSTANBUL ÜNİVERSİTESİ
T.C.
İSTANBUL ÜNİVERSİTESİ
İSTANBUL TIP FAKÜLTESİ

Во периодот од 21.06.2015 до 17.07.2015 ја имав честа да бидам дел од тимот испратен на едукација во Чапа болницата во Истанбул на одделот за кожни и венерични болести.

Бев примена од љубезните домаќини и претставена на нивниот тим доктори.Едукацијата ја поминав под менторство на д-р Акиф Мамадов и проф. Д-р Џан Бајкал.Првите денови од едукацијата ги минав во запознавање на одделот за дерматологија и организацијата на работата во истиот.

Во болничкиот дел беа сместени пациенти со потешка клиничка слика(најмногу со булозни заболувања-pemphigus vulgaris,mycosis fungoides). Поликлиничкиот дел беше поделен на повеќе амбуланти:миколошка(за Миколошки брис,Демодекс,Саркоптес); Амбуланта за биопсија; за физикален третман(Крио); Алерголошка,за дермоскопија и фототерапија.

Во секоја од амбулантите поминав по неколку дена,а најголем дел од времето го минав во амбулантата за биопсија,со оглед на тоа што на моето работно место немам таква можност.Освен впечаток ми остави тоа што биопсијата се прави многу често заради прецизна дијагностика.Најчесто се користи т.н. Punch биопсија која се прави во локална анестезија со кружен инструмент за еднократна употреба т.н. Punch со кој се зема дел од епидерм и дерм во длабочина од 4мм.Многу едноставна и лесна метода која би можела да се примени и кај нас со голем бенефит за пациентите и докторите.Нема негативни последици освен мал белег.

Во амбулантата за физикален третман аплицирав супкутано кортикостероидна ампуларна тепарија (кеналог)кај пациенти со алопеција ареата каде што немало ефект останатата тепарија.Аплицирав кортикостероидна терапија супкутано и кај пациенти со хипертрофични лузни и келоиди

ПАЦИЕНТИТЕ СО ХРОНИЧНИ И ПОТЕШКИ КОЖНИ БОЛЕСТИ КОИ СЕ ВО РЕМИСИЈА СЕ СЛЕДАТ ВО ОДДЕЛНИ АМБУЛАНТИ КАДЕ ШТО СТОЈАТ НИВНИТЕ ДОСИЕЈА СО ПОДАТОЦИТЕ ЗА ТЕРАПИЈАТА.ПРИ ПРЕСТОЈОТ  ВО БОЛНИЦАТА ИМАВ МОЖНОСТ ДА СРЕТНАМ ПАТОЛОГИЈА  КОЈА ШТО НЕ СУМ ЈА ВИДЕЛА ВО МОЈОТ РАБОТЕН СТАЖ(РЕТКИ ГЕНЕТСКИ ЗАБОЛУВАЊА-EPIDERMOLISIS BULLOSA DISTROFICA) КОИ ШТО СЕ ПОСЛЕДИЦА НА КОНСАНГВИНИТЕТ.

Престојот во болницата во Истанбул е од голема корист за мојата понатамошна работа и верувам дека ова искуство ќе го подобри квалитетето на моето работење.

*Голема благодарност до Министерството за здравсто на Р.М.*

*Дерматовенеролог Виолета Лазаревиќ ЗДРАВСТВЕН ДОМ СКОПЈЕ-ПОЛИКЛИНИКА БИТПАЗАР*


BİLİMLERİ
PARK YERİ
ARAÇ PARK